З А П И С Н И К

Од 27-та редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 27-та редовна седница на ден 25.10.2019 година (Петок) со почеток во 15.00 часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваа советниците: Виолета Ристова и Сања Стојанова.

На седницата присуствуваа Марјан Јанев градоначалник на општина Василево,Верче Миткова, Бранко Андонов Горан Андонов и Славе Андонов и Габриела К. Ефтимова претставници од општинската аддминистрација, Зоран Ѓогиев директор на ЈКП,, Турија Василево и Васе Костадинов претставник од ЈКП,, Турија Василево.

Пред да биде предложен дневниот ред за работа на 27-та седница на Советот на општина Василево беше отворена расправа по записникот од 26-та седница на Совет на општина Василево одржана на ден 14.10.2019 година, немаше забелешќи од страна на советниците,беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

За работа на 27-та седница на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог-одлука за определување на крајбрежен појас на регулиран водотек река Требичка, општина Василево, опфатен со Урбанистички план за село Владевци, КО Владевци, општина Василево;
2. Измена и дополнување на Буџетот на општина Василево за 2019 година;
3. Извештај за проценка на штета настаната од елементарна непогода „Дожд и град“ во с. Добрашинци, с. Нова Маала и с. Висока Маала;
4. Извештај за работата на Комисиите за процени на штети од елементарна непогода „Дожд и град“ што ја зафати општина Василево на 24.06.2019 година;
5. Финансиски извештај на ЈПКД „Турија“ п.о Василево за третото тромесечие за 2019 година;
6. Давање согласност на Измената и дополнувањето на Одлуката за утврдување на цената на водата за пиење или водоснабдување бр.02-881/1 од 21.12.2018 година;

7. Давање согласност на Измената и дополнувањето на Одлуката за утврдување на цената за собирање и одведување на урбани отпадни води бр.02-882/1 од 21.12.2018 година.
8. Давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на водата за пиење или водоснабдување за правните лица за период 2019 – 2021 година;
9. Давање согласност на Одлуката за задолжително вклучување на домаќинствата во организирано собирање на отпад во населените места Василево, Ангелци, Градашорци, Пиперево, Сушево и Владевци;
10. Донесување на Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено од Димитраќ Митев од с. Градашорци;
11. Донесување на Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено од Викторија Ѓоргиева од с. Василево;
12. Донесување на Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено од Круме Спасевски од Скопје;
13. Донесување на Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено од Ловно друштво „Гоце Делчев“, Босилово;
14. Донесување на Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено од Ловно друштво „Беласица“, Струмица;
15. Донесување на Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено од Костадин Ристов од. С. Нива Маала;
16. Донесување на Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено од Ванчо Георгиев од с. Василево.

По отворената расправа по дневниот ред за работа на 27-та седница на Советот на општина Василево за збор се јави Христина Гошева член на Советот на општина Василево предложи надополнување на дневниот ред како 17 точка од дневниот ред да биде:Давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ ,, Атанас Нивичански“ од с. Нова Маала за 2020 година.

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Христина Гошева како 17 точка од дневниот ред да биде: Давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ ,, Атанас Нивичански“ од с. Нова Маала за 2020 година, беше ставена на гласење од 13 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

Дневниот ред за работа на 27-та седница на Совет со усвоениот предлог како 17 – та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ ,, Атанас Нивичански“ од с. Нова Маала за 2020 година, беше ставена на гласење од 13 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

1.

По отворената расправа по првата точка од дневниот ред: Предлог-одлука за определување на крајбрежен појас на регулиран водотек река Требичка, општина Василево, опфатен со Урбанистички план за село Владевци, КО Владевци, општина Василево;За збор се јави Крсте Панев претседател на Комисијата за урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина рече дека поради немање кворум за работа комисијата не се состана предлага до Советот да ја разгледа и усвои.

Немаше друг пријавено за збор првата точка од дневниот ред: Предлог-одлука за определување на крајбрежен појас на регулиран водотек река Требичка, општина Василево, опфатен со Урбанистички план за село Владевци, КО Владевци, општина Василево;.беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со `13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,,нема.

2.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред: Измена и дополнување на Буџетот на општина Василево за 2019 година;за збор се јави Атанас Ристов претседател на Комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече поради немање кворум за работа комисијата не се состана предлага до Советот да ја разгледа и усвои.

Марган Јанев градоначалник на општина Василево даде образложение дека измените и дополнувањата се однесуват за приливите во делот на изградба и реконструкција на локални улици и патишта за 2019 година, бидејќи е успеано да сеобезбедат средства за нивна реализација од страна на одредени институции, мора да се направи проширување на Буџетот за да се изврши до крајот на годината исплата на компаниите кој вршат изградба на локални патишта и улици. Станува збор за реконструкција и ревитализација на локален пат Ново Владевци Сушево средства обезбедени од Агенција за финансиска подршка во висина од 15.600.000 денари на јавната лицитација како најповолна бешеизберена фирмата Портлант за реализација на патот во висина од 9.700.000 денари. Реконструкција на улица во Василево од пошта до црква во висина од 3.893.000 денарикако најповолен изведувач беше изберена Универзал Градбаи се опчекува во рок од една недела да одпочне со реализација. Изградба на локален пат Чанаклија- Нова Маала ке се реализира со средства обезбедени од Агенција за финансиска подршка во руралниот развој и земјоделие со средства во износ од 15.000.000 денари. Изградба на улица во населено место Добрашинци со обезбедени средства од 3.000.000 од бирото за регионален развој и 2.300.000 денари обезбедени средства од Буџетот на општина Василево изгласани со Одлука на Советот на општина Василево. Изградба на улица во Нова Маала до резервоар во висина од 1.900.000 денари од кој 1.000.000 се обезбедени од Светска Банка и 900.000 денари средства од Буџетот на општина василево. Вкупното проширување на Буџетот изнесува 33 571 560 денари

Градоначалникот Марјан Јанев рече дека има намалување измени во Буџетот во делот Продажба на градежно земјиште од 3,5000.000 милјони денари бидејќи во текот на 2019 година не се изврши продажба на градежно земјиште бидејќи деталните урбанистички планови за Пиперево, Градашорци, Ангелци и Владевци не се завршени дел од нив до крајот на 2019 година ќе бидат

завршени, додека за Пиперево подоцна почна да се реализира деталниот урбанистички план смета дека до половината на 2020 и тој ќе биде изработен. Со изработката на деталните планови има државни парцели од земјоделски површини ќе бидат пренаменети во градежни парцели, општина Василево ќе има право на продажба по електронска аукција. Рече дека ќе има дополнување и во дел на програмата за спорт и рекреација во износ од 500.000 денари во фудбалскиот клуб Василево се јави недостаток заради непредвидени работи во фудбалскиот клуб во делот на непредвидени трошоци за фудбалската федерација и во текот на таа година се вршеше реконструкција на фудбалското игралиште затоа недостасуват средства доколку Советот изгласа ќе има дополнување од 500.000 денари во делот на програматаза спорт и рекреација за фудбалски клуб Василево.

Немаше друг пријавено за збор втората точка од дневниот ред: Измена и дополнување на Буџетот на општина Василево за 2019 година, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 13 гласа „ за„ „ против„ и „ воздржани„ „ нема.

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред : Извештај за проценка на штета настаната од елементарна непогода „Дожд и град“ во с. Добрашинци, с. Нова Маала и с. Висока Маала;за збор се јави Фанче Томова претседател на Комисијата за зејоделие и заштита на животните и растенијата рече дека поради немање кворум за работа комисијата не се состана предлага до Советот да ја разгледа и усвои.

За збор се јави Наце Коцев член на Советот на општина Василево постави прашање дали може на секој што имат поднесено Барање за штета да се даде кој колку е оштетен за секој од проценетата штета за сите 140 оштетени поединечно.

Верче Миткова претставник од општинската аддминистрација даде образложение дека според Законот за заштита на лични податоци не може да се дават информации единствено комисијата може да приложи во кое населено место колку штета има направенои и на кои земјоделски култури е направено штета.

Марјан Трајков член на Советот на општина Василево и како член на комисијата за проценка на штета околу поставеното прашање од советникот Наце Коцев рече дека само подносителот на Барањето лично може да побара на друг несмее да се давт информации, даден е извештајот и целокупната проценка не е дозволено да се дават информации за секо поединечно од проценетата штета за сите 140 оштетени.

Немаше друг пријавено за збор третата точка: Извештај за проценка на штета настаната од елементарна непогода „Дожд и град“ во с. Добрашинци, с. Нова Маала и с. Висока Маала;беше ставена на гласење ,поради судир на интереси советникот Марјан Трајков како член на комисијата за процена на штета беше иземен од гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа„ за„ „ против„нема и „ воздржани„ 4.

4.

По отворената расправа по четвртата точка од дневниот ред; Извештај за работата на Комисиите за процени на штети од елементарна непогода „Дожд и град“ што ја зафати општина Василево на 24.06.2019 година, никој се јави јави за збор, беше ставен на гласење од вкупно присутни12 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за,, „ против,,нема и „ воздржани,, 4.

5.

По отворената расправа по петата точка од дневниот ред: Финансиски извештај на ЈПКД „Турија“ п.о Василево за третото тромесечие за 2019 година;никопј не се јави за збор,беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа,, за,, „ против,, нема и „ воздржани,,4 -.

6.

По отворената расправа по шестата точка од дневниот ред: Давање согласност на Измената и дополнувањето на Одлуката за утврдување на цената на водата за пиење или водоснабдување бр.02-881/1 од 21.12.2018 година; никој не се јави за збор беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа,, за,, „ против,, нема и „ воздржани,,4

7.

По отворената расправа по седмата точка:Давање согласност на Измената и дополнувањето на Одлуката за утврдување на цената за собирање и одведување на урбани отпадни води бр.02-882/1 од 21.12.2018 година, никој не се јави за збор, беше ставен на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа,, за,, „ против,, нема и „ воздржани,, 4.

8.

По отворената расправа по осмата точка од дневниот ред: Давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на водата за пиење или водоснабдување за правните лица за период 2019 – 2021 година; никој не се јави за збор беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа,, за,, „ против,,нема и „ воздржани,4.

9.

По отворената расправа по деветата точка од дневниот ред: Давање согласност на Одлуката за задолжително вклучување на домаќинствата во организирано собирање на отпад во населените места Василево, Ангелци, Градашорци, Пиперево, Сушево и Владевци; за збор се јави Марјан Трајков член на Советот на општина Василево околу распоредувањето на контејнерите рече дека има забелешка околу поставување на контејнерите по населените места, има продавници каде што има поставено по два контејнери праша по чиј избор е направено тоа смета дека треба да се постави контејнер до црквата во Василево таму има повеќе смет бидејќи гледа котејнери пред Комуналното претпријатие стојат неупотребени.

Марјан Јанев градоначалник на општина Василево рече дека желба на Црковниот Одбор и свештеното лице беше контејнерот да се постави внатре во црквата

Крсте Панев предлага надополнување на Одлуката Давање согласност на Одлуката за задолжително вклучување на домаќинствата во организирано собирање на отпад во населените места Василево, Ангелци, Градашорци, Пиперево, Сушево и Владевци, да се надополни и да гласи: да почне да се применува од 01.12.2019 да бидат задолжени.

Блаже Коцев член на Советот на општина Василево бидејќи потекнува од населено место Владевци рече дека има забелешка околу поставување на контејнерите во старото село Владевци има поставено само 2 контејнери на 80 куки смета дека не се доволни.

Марјан Јанев градоначалник на општина Василево рече дека секој предлог е корисен мегутоа општината и комуналното претпријатие преземааа голем чекор, моментално комуналното претпријатие смет собира од 700 до 800 домаќинства со одлуката што ќе се донесе на седницата ќе се зголеми ќе бидат задолжени сите населени места спомнати во одлуката. Оваа одлука се носи врз основа на тоа што сме обврзани со Законот за заштита на животната средина и да се реши проблемот со дивите депонии на секој влез и излез и по улиците ќе има смет. Капацитетот на комуналното претпријатие има 2камиончиња и 1 трактор неможе да се донесе Одлука за сите 15 населени места ќе се соочи со проблеми моментално ЈКПе спремно да собира смет од поголемите населени места. Во иднина доколку има средства ќе се обезбедат канти за сите домаќинства. Во моментот секое домаќинство треба да одреди дали во црни вреки , бурења или картони да го собира губрето . За краток временски период ќе се објават тендери за набавка на камионче ЈКП планира до 1- ви Деќември добро да се подготви во делот на механизацијата и вработените и плплус да ангажира за собирање смет ќе биде потребе и возач на камионот што ќе биде набавен а за да се вработат ќе биде потребна и нова систематизациа и нов годишен план за наредната година. Во одредени делови ЈКП е обврзано да ги запази законските обврски. Околу прашањето поставено од советникот Блаже Коцев рече дека контенерите се правилно распоредени не се 2 туку 10 контејнери во село Владевци при поставувањето лично и тој беше вклучен.

Блаже Коцев член на Советот рече дека се работи за старото село на 80 куки има распоредено само2 контејнери апелира доколку може да зе преземат други опции да се реши овој проблем.

Марјан Јанев градоначалник на општина Василево рече дека распоредувањето на контејнерите е направено според обезбедената донација од UNDPI моментално тие се поставени. Цената останува иста 150 денари по домаќинство и од 1 деќември 2019 година ќе почне со факторирање на домаќинствата што немат склучено договор со ЈК нема да имат обврска да склучат договор со усвојувањето на одлуката ке се факторира на секое домаќинство. Во месец Ноември ке се изнајде

начин таму каде што се иселени од куките ке се иведентира на тие домаќинства нема да се фактурира според него одлуката е за поздравување и според одредениот период да почне со спроведување.

Зоран Ѓоргиев вд.директор на ЈКП ,, Турија даде образложение за подготвеноста на комуналното претпријатие да ги вклучи во системот на организирано собирање на смет сите домаќинства од овие шест населени места, со цел подобрување на состојбата во оваа област, односно намалување на дивите депонии и заштита на животната средина.нагласувајќи дека со Оваа одлука ќе почне да се применува во пракса односно да се собира сметот од сите домаќинства во овие населени места од 01.12.2019 година. „Заложбите на ЈПКД „Турија е зајакнување на капацитетот на претпријатието како со механизација односно возила за смет така и со човечки ресурси како би можело во иднина да се постигне вклучување на сите домаќинства од општината во организираното собирање на сметот, а со тоа и почиста општина и почиста животна средина“ рече дека некои пробле што неможат да се решат се учи од поголемите општини. Околу забелешката на советникот Марјан Трајков за распоред на поставување на контенјерите по населените места рече дека не се фиксни и дека не мора таму да стојат, може местото да се менува има дадено наредба на вработените доколку има празни контењери да бидат разместени на други локации почитувајки ги забелешките во сите населени места за поставување на контенјерите да се најдат правите локации. И околу забешката на советникот Блаже Коцев рече дека општина Василево е рурална има населени места со многу тесни улици неможе да помине камионот сметот ќе се собира со трактор затоа се поставени така контењерите на такви локации каде што може да помине камионот бидејќи контењерите со трактор неможат да се дигат. Смета дека со одпочнување на постапката за набавка на ново возило набавката на возилото од помалечок волумен ќе има пристап до малите улици а таму каде што нема контењери сметот ќе се собира со трактор.Со донесување на одлуката ЈКП е должно да најде начин да го собира сметот од секое домаќинство. Во моментот на територијата на општина Василево се собира смет од 557 домаќинства, со проектот се опфатени шесте поголеми села со задолжувањетоќе бидат опфатени околу 2000 домаќинства. Во врска со кантите ЈКП има проект преку Словенечката амбасада за 400 канти и 200 контењери кој се во тек сеуште не реализирани смета дека ќе се успее има луге што сакат да помогнат во наредниот период и во општина Василево секое домаќинство ќе биде снабдено со канти. Како дополнување на одлуката за организирано собирање на смет ќе почне да се применува од 1.12.2019 се планира овој период ЈКП да се припрема сите правни и физички лица влезат во списокот да се факторират.

Марјан Трајков рече дека повеќе пати има разговарано со директорот на ЈКП дека губрето од с. Аангелци и Градашорци со трактор секој четврток се фрла на дивата депонија во Василево секое утро мириса на изгорено, Општина Василево има формирано ЈКП кое е должно да ги решава проблемите и апелира до директорот да преземе мерки околу депортирањето на сметот.

Зоран Горгиев вд.директор на ЈКП ,, Турија рече дека точно е дека имат разговарано , мегутоа не е тоа вистина секој пат на седница на совет кажува работи што нему му одговарат тој како директор тврди дека во неговиот мандат губрето од од с. Аангелци и Градашорци не се фрла на дивата депонија во Василево. Се случува некогаш кога се собира губрето од Василево да биде фрлено во Василевската депонија, Губрето од Пиперево се фрла во Пиперевската депонија бидејки таму се собират смет само од 15 канти.

Марјан Трајков можеби директорот незнае дека губрето од с. Аангелци и Градашорци се фрла на дивата депонија во Василево,вработените злоупотребуват затоа рече дека тој лично ќе снима за да докаже дека е во право не зборува паушално.

Предлогот на Крсте Панев по деветата точка: Давање согласност на Одлуката за задолжително вклучување на домаќинствата во организирано собирање на отпад во населените места Василево, Ангелци, Градашорци, Пиперево, Сушево и Владевци, да се надополни и да гласи:одлуката да почне да се применува од 01.12.2019 да бидат задолжени.,беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Деветата точка: Давање согласност на Одлуката за задолжително вклучување на домаќинствата во организирано собирање на отпад во населените места Василево, Ангелци, Градашорци, Пиперево, Сушево и Владевци со усвоениот предлок да се надополни и да гласи:одлукатада почне да се применува од 1.12.2019 година да бидат задолжени од населените места , Ангелци, Градашорци, Пиперево, Сушево и Владевци,беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

10.

По отворената расправа по 10 –та точка од дневниот ред: Донесување на Одлука по Барањето за финансиски средства од 6000 денари поднесено од Димитраќ Митев од с.Градашорци беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници гласаа,, за,, нема ,, против,,13 и ,, воздржани,, нема, Советот на општина Василево не го усвои Барањето.

11.

По отворената расправа по 11 –та точка од дневниот ред **:** Донесување на Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено од Викторија Ѓоргиева од с. Василево;збор, се јави Крсте Панев претседател на Советот рече дека лицето е починато предлага да не се донесе Одлука да се доделат финансиски средства.

Немаше друг пријавено предлогот на Крсте Панев да не се донесе Одлука да се доделат финансиски средства по Барањето за финансиски средства поднесено од Викторија Ѓоргиева од с. Василево беше ставен на гласење од од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево гласаше 13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,,нема

Десетата точка: Донесување на Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено од Викторија Ѓоргиева од с. Василево, со усвоениот предлог да да не се донесе Одлука да се доделат финансиски по Барањето за финансиски средства поднесено од Викторија Ѓоргиева од с. Василево беше ставен на гласење од од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево гласаше 13 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, Советот не го усвои Барањето.

Марјан Трајков доколку нема средства за доделување да не се стават Барањата на гласање туку сите Барања да бидат едногласно одбиени.

Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево рече дека поради недостаток на финансиски средства сите барања ќе бидат одбиени.

Верче Миткова претставник од општинската администрација рече дека станува збор за различни Барања и посебно ќе бидат ставени на гласење.

12.

По отворената расправа по 12 –та точка од дневн ред: Донесување на Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено од Круме Спасевски од Скопје;за збор се јави се јави Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево рече дека поради немање финансиски средства предлага да не се доделат финансиски средствааа. Предлогот беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници глазаа 13 „ за„ да не се доделатфинансиски средства „ против„ и „ воздржани„ нема. Советот на општина Василево не го усвои Барањето.

13.

По отворената расправа по 13 –та точка од дневниот ред: Донесување на Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено од Ловно друштво „Гоце Делчев“, Босилово; за збор се јави се јави Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево рече дека ловечката вечер е помината предлага да не се доделат финансиски беше, бидејќи немаше пријавено за збор предлогот беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници глазаа 13 „ за„ да не се доделат финансиски средства „ против„ и „ воздржани„ нема. Советот на општина Василево не го усвои Барањето.

14.

По отворената расправа по 14 –та точка од дневниот ред**:**Донесување на Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено од Ловно друштво „Беласица“, Струмица;за збор се јави се Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево рече дека е помината предлага да не се доделат финансиски средства , бидејќи немаше пријавено за збор предлогот беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници глазаа 13 „ за„ да не се доделат финансиски средства „ против„ и „ воздржани„ нема. Советот на општина Василево не го усвои Барањето.

15.

По отворената расправа по 15 –та точка од дневниот ред: Донесување на Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено од Костадин Ристов од. С. Нова Маала; за за збор се јави Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево рече дека на предходната седница му беа доделени средства предлага да се одбие Барањето, бидејќи немаше пријавено за збор

предлогот да се одбие барањето беше ставено на гласење од вкупно присутни 13 советници глазаа 13 „ „ да се одбие Барањето„ против„ и „ воздржани„ нема. Советот на општина Василево го одби Барањето.

16.

По отворената расправа по 16 –та точка од дневниот ред: Донесување на Одлука по Барањето за финансиски средства поднесено од Ванчо Георгиев од с. Василево. за збор се јави се јави Атанас Ристов предлага да се доделат финансиски средства во износ од 15000 денари. Немаше друг пријавено зазбор предлогот беше ставена на гласење од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 10 гласа„ за„ „ против„нема и „ воздржани„ 3 Советот на општина Василево го усвои Барањето..

17

По отворената расправа по 17 –та точка од дневнио ред: Давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „ Атанас Нивичански“ од с. Нова Маала за 2020 година, никој не се јави за збор, беше ставена на гласење од од вкупно присутни 13 советници Советот на општина Василево го усвои со 9 гласа„ за„ „ против„нема и „ воздржани„ 4.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев ја затвори 27- та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:

Зора Коларова

Совет на општина Василево

Претседател,

Крсте Панев